РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1904/1
04-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2055/1 од 25.07.2024 година, оформен по доставена на пријава (известување) заведена под бр. 12-2055/1 од 25.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се спроведе антикорупциска проверка на законските одредби од член 66 и член 67 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019).

Предметот со бр. 12-2055/1 од 25.07.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на РСМ, на ден 25.07.2024 година, е

доставено известување, врз основа на кое е оформен предмет бр. 12-2055/1 од 25.07.2024 година. Во Известувањето се наведува дека од нивна страна било постапувано по претставка за заштита од дискриминација поднесена од лицето ---- од ----, за дискриминација врз основа на политичко уверување, лично искуство и општествен статус – степен на образование, стручна подготовка и работно искуство, извршена од страна на директорот на ООУ "----" од ---- и Комисијата за трансформација на работен однос при Општина ---- – во постоен и претходен состав. При нивното надлежно постапување во конкретниот случај било утврдено постоење на директна дискриминација врз именуваната во областа на работата и работните односи во образованието. Дополнително, констатирале дека член 1 став 1, член 80, член 82 став 1, член 162 став 1 и 2 од Законот за основно образование и член 1, член 6 став 1, член 9, член 66 став 1 и 2, член 67 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, ја уредувале предметната материја на начин што се создава можност за постоење на судир на интереси при практичното работење, односно спроведување на законите, особено од аспект на вршење на инспекцискиот надзор над законитото спроведување на постапките за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време на наставници и стручни соработници во основните и средите училишта од страна на Комисиите за трансформација на работниот однос формирани при единиците на локалната самоуправа. Ова од причина што во случај на потреба од спроведување на инспекциски надзор над работењето на Комисијата, истиот би требало да го спроведе претседателот на Комисијата за трансформација на работниот однос кој пак е претставник на Државниот просветен инспекторат, односно претседателот би требало да го изврши инспекцискиот надзор над сопственото работење.

Државната комисија прибави потребна документација од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од која се утврди дека до нив бил доставен допис – Известување бр. ИП1 09/---- од ----.2024 година од Државниот просветен инспекторат , во однос на постапувањето во врска со вработувањето на ---- во училиштето и трансформацијата на работен однос. Во прилог на дописот е содржан Записник за извршен инспекциски надзор бр. ИП1 09/---- од ----.2024 година, во кој е констатирано дека прво вработување на ---- во

училиштето било на 01.03.2018 година, замена за ВД Директор со Договор бр. 04----- за период од 07.03.2018 до 31.08.2018 година. На вработената и бил продолжуван договорот за вработување во училиштето со или без прекин, се до 31.08.2023 година, кога училиштето донело Решение за престанок на работен однос бр. 04----- од ----.2023 година и М1/М2 образец за одјавување со датум од ----.2023 година. ---- повела судски спор во кој била донесена Пресуда од Основен суд ---- РО----- од ----.2022 година со која се усвојува тужбеното барање на тужителката и се утврдува дека работниот однос на тужителката која била вработена кај тужениот на работно место одделенски наставник со полно работно време, се трансфромира на неопределено работно време. Незадоволни од пресудата основното училиште како тужена страна поднело жалба до Апелациониот суд ---- кој донел Пресуда РОЖ----- од ----.2023 година со која жалбата се уважува. Со Пресуда на Врховниот суд на РСМ РЕВ3----- од ----.2024 година Пресудата РОЖ----- од ----.2023 година на Апелациониот суд ---- е преиначена и пресудено е дека жалбата на тужениот се одбива како неоснована, а Пресудата од Основен суд ---- РО----- од ----.2022 година, се потврдува. За време на инспекцискиот надзор Директорот на ООУ "----" ----, изјавил дека ќе постапи по пресудата на Врховниот суд на РСМ, ќе склучи договор со ---- како наставник по одделенска настава на неопределено време, со полно работно време. Државниот просветен инспекторат со оглед на фактот дека не биле утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор во надлежност на ДПИ, согласно со член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019), ја запрел постапката.

При надлежно постапување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација било донесено Мислење број 08----- од ---- .2024 година со кое било утврдено постоење на директна дискриминација врз ---- по основ на политичко уверување, лично искуство и општествен статус – степен на образование, стручна подготовка и работно искуство во областа на работата и работните односи во образованието.

Имајќи предвид дека за заштита на правата и интересите на засегнатото лице веќе постапиле други надлежни државни органи, Државната комисија во рамки на своите законски надлежности нема основ за натамошно постапување.

Државната комисија за спречување на корупција со цел детектирање на можни регулаторни ризици од корупција и судир на интерес на кои е посочено во Известувањето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во согласност со своите законски надлежности од член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, одлучи дека е потребно да се спроведе антикорупциска проверка на одредбите од член 66 и член 67 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019).

Од погоре наведените причини Државната комисија за спречување на корупција одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk